Врз основа на член 119 став 1, точка 3 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр.24/19 и „Службен весник на РСМ" бр.87/21), член 16 и член 91 од Договорот за јавна набавка со број на договорниот орган 03-610/12 од 18.07.2023 година и број на носителот на набавката 03-135/23 од 18.07.2023 година и Измената на Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност со број на договорниот орган 03-610/15 од 15.12.2023 година и број на носителот на набавката бр.03-222-2/23 од 15.12.2023 година, со предмет на набавката: Изградба на игралиште во населено место Собри, постапувајќи по Барањето за продолжување на рок за изведба бр.03-25/24 од 13.02.2024 година поднесено од Носителот на набавката, заведено под бр.03-246/1-610/23 од 13.02.2024 година, а имајќи ја во предвид согласноста од овластен надзорен орган ДПИТУ „МГ Проект" ДООЕЛ Скопје бр.03-246/2-610/23 од 14.02.2024 година, договорните страни:

1. **Општина Валандово**, ул.„Иво Лола Рибар" бб, Валандово, со ЕДБ 4003008500464 и ЕМБС 6381871, застапувана од Перо Костадинов, Градоначалник на Општина Валандово, како „Договорен орган - Инвеститор" и
2. **Друштво за трговија и услуги АС МАШИНИ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци**, со седиште во Кавадарци на Бул.„Кочо Рацин" бр.15, ЕДБ 4011012508880 и ЕМБС 6797130 застапувано од Одговорно лице Анѓел Цветков, (во понатамошниот текст "Носител на набавката" - Изведувач) од друга страна вршат:

Друштво за трговија и услуги АС МАШИНИ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03-27/24
14.02.2024 год.
КАВАДАРЦИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 03-246/3
14-02.2024 год.
Валандово

## И З М Е Н А

## на Договор за јавна набавка во текот на неговата важност

Член 1

Поради неповолните временски услови со што дојде до отежнување на изведбата на работите од предметниот договор, околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не ја менуваат природата на договорот за јавна набавка, а поради кои носителот на набавката е спречен со реализација на договорот, се врши измена во член 12 од Договорот за јавна набавка со број на договорниот орган 03-610/12 од 18.07.2023 година и број на носителот на набавката 03-135/23 од 18.07.2023 година и Измената на Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност со број на договорниот орган 03-610/15 од 15.12.2023 година и број на носителот на набавката бр.03-222-2/23 од 15.12.2023 година, со тоа што се продолжува рокот за завршување на работите заклучно до 29.02.2024 година .

Член 2

Останатите одредби од Договорот остануваат непроменети.

Член 3

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја страна задржува по 3 (три) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| Договорен орган | Носител на набавката |
|---|---|
| ОПШТИНА ВАЛАНДОВО | ДТУ АС МАШИНИ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци |
| Градоначалник | Одговорно лице |
| Перо Костадинов | Анѓел Цветков |

Изработил: С.Димитров
Контролирал: А.Трајкова
Одобрил:Ѓ.Аврамски